ЗАПИСНИК
од 10-та седница на Агенцијата за аудио
и аудиовизуелни медиумски услуги
одржана на 29.02.2016 година

Присутни членови на Советот на Агенцијата: Лазо Петрушевски, претседател на Советот на ААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на ААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Присутни од Стручна служба: м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

Други присутни: /

Г-дин Петрушевски ја отвори 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15.00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, во однос на дневниот ред, предложи точките 1 и 5 да се одложат за првото продолжение на 10-та седница, кое ќе се одржи пред почетокот на 11-та седница, за која очекува да биде закажана за следниот понеделник во 15.00 часот. Така, рече, ќе се создадат услови, членовите на Советот навремено да го добијат Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за работниот ред и дисциплинската и материјалната одговорност на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во однос на точката бр.1, рече дека треба да се одложи, затоа што треба време за да се сработи записникот од 09-та седница, која се одржа минатиот петок, а за време на викендот не се работеше. Со неговите предлози за одложување на точките, рече дека ќе се запазат сите процедури запишани во Законот и подзаконските акти.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за", го усвои следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 09-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.02.2016 година.

2. Предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозвола за телевизиско и радио емитување.

3. Предлози за покренување на постапки за одземање на дозвола за телевизиско и радио емитување.

4. Предлог-одлуки за одземање на дозвола за телевизиско и радио емитување.

5. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за работниот ред и дисциплинската и материјалната одговорност на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

6. Предлог-одлука за внатрешно хортикултурно уредување на Агенцијата.

7. Разно.

Точка 1

Предлог-записникот од 09-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.02.2016 година, се одложи за првото продолжение на 10-та седница.

Точка 2

Г-дин Петрушевски, објасни дека под точката бр.2 од Дневниот ред, ќе се разгледаат 7 предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозвола за телевизиско и радио емитување. За сите нив отвори општа дискусија.

Г-дин Трајчевски, за сите седум радиодифузери, објасни дека во периодот откако е започната постапка за одземање на дозволата до денес, тие во целост го платиле надоместокот за телевизиско и радио емитување и од таа причина, на Советот му се предлага да се запрат покренатите постапки за радиодифузерите кои се наведени.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-67 од 29.02.2016 година и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ бр.08-56 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 113.194,00 (стотринаесетилјадии-стодеведесетичетири) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-72 од 29.02.2016 година и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, бр.08-54 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 106.369,00 (стоишестилјадиитристашеесетидевет) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-64 од 29.02.2016 година и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЛАЖАНИ

ДООЕЛ с.Лажани, Долнени, бр.08-52 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 159.184,00 (стопедесетидеветилјадии-стоосумдесетичетири) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-52 од 29.02.2016 година и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 41.229,00 (четириесетиеднаилјадаидвестедваесетидевет) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-62 од 29.02.2016 година и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, бр.08-136 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 3.046.713,00 (тримилиониичетириесетишестилјадииседумстотинии-тринаесет) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-69 од 29.02.2016 година и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе заклучок за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, бр.08-34 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 457.554,00 (четиристотинипедесетиседумилјадиипетстотинипедестичетири) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување..

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-57 од 29.02.2016 година и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-117 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 34.601,00 (триесетичетириилјадиишестотинииеден) денар, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Точка 3

Г-дин Трајчевски, во врска со предлогот за покренување на постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување на ТРД ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, објасни дека на радиодифузерот му е издадена фактура за годишниот надоместок, кој на 27 јануари 2016 година ја има примено. Во рокот од 30 дена, односно до минатиот петок не е извршено плаќање од негова страна и согласно тоа, на Советот му се предлага да се покрене постапка за одземање на доделената дозвола.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-112 од 29.02.2016 година и едногласно, со 7 гласа „за', покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, бр.08-42 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1135/1 од 26.02.2016 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, бр.08-42 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Точка 4

Г-дин Петрушевски, објасни дека под точката бр.4 од Дневниот ред, ќе се разгледаат 5 Предлог-одлуки за одземање на дозвола за телевизиско и радио емитување. По сите нив отвори општа дискусија.

Г-дин Трајчевски, образложи дека за наведените радиодифузери е покренатa постапка за одземање на дозволата за телевизиско и радио емитување. Но, и во дополнителниот период од 15 дена како што предвидува Законот, тие не го платиле надоместокот и од таа причина се предлага Советот да донесе одлуки за одземање на доделените дозволи на петте радиодифузери. Г-дин Трајчевски, во таа насока предложи, доколку е можно, претседателот на Советот до четврток да не ги потпишува Одлуките за одземање на дозвола, затоа што има најава од еден радиодифузер дека во текот на денешниот ден ќе изврши плаќање преку цесии, па може парите да бидат утре или задутре префрлени. Доколку се одземе дозволата, парите ќе бидат уплатени на сметката на Агенцијата а дозволата ќе биде одземена. Може да се случи теоретски, денес во 18 часот субјектот да уплати средства а Агенцијата да ги има во текот на утрешниот ден. Така што, доколку некој евентуално уплатил денес попладне или уплати во текот на утрешниот ден да не му биде одземена дозволата затоа што некој од телевизиите ќе бидат исклучени од кабелските оператори и потоа враќањето назад е многу тешко и следствено на тоа ќе претрпат многу големи загуби.

Г-дин Петрушевски, се изјасни дека лично му е прифатлив предлогот, доколку може да не се потпишат документите до четврток, нема да ги потпише, за да не се брза веднаш со одлуките за одземање.

Г-дин Фетаи, праша дали ТВ Амазон најавил дека денес ќе уплати?

Г-дин Трајчевски, одговори дека се работи за ТВ СКАЈ НЕТ, кој рекол дека во текот на денешниот ден врши плаќање преку цесии. Во однос на ТВ АМАЗОН, објасни дека претходната година Советот поради неплаќање му ја одзема дозволата. Таа му беше вратена преку Управен суд, но предочи дека и останатите радиодифузери ќе добијат шанса да платата во текот на денот. Исто така предложи, на веб страницата на Агенцијата да не се објавуваат одлуките дека на денешната седница им се одземени дозволите, за да не им се нанесе штета на радиодифузерите доколку некој од нив евентуално плати.

Г-дин Фиданоски, побара техничко појаснување. Во материјалот што го добил за седница, стои дека има 6 потточки, 6 предлози за одземање на дозвола.

Г-дин Петрушевски, објасни дека во меѓувреме ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, го платил надоместок и за него се донес заклучок за запирање на постапката.

Г-дин Петрушевски, рече дека е добро да се почека со сите активности во поглед на одлуките кои Советот на седницата ќе ги донесе. Но, бидејќи денес е последниот ден, не може Советот да гласа по нив утре, треба денес, бидејќи претставува законска обврска.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-76 од 29.02.2016 година и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ бр.08-102 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-875/1 од 15.02.2016 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-55 од 29.02.2016 година и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО МЕРЛИН ДООЕЛ Дебар бр.08-97 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-864/1 од 12.02.2016 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-68 од 29.02.2016 година и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на

Трговско радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје бр.08-11 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-861/1 од 12.02.2016 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-61 од 29.02.2016 година и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ Манчев ДОО Скопје бр.08-12 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-813/1 од 11.02.2016 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-63 од 29.02.2016 година и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, бр.08-60 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-822/1 од 11.02.2016 година.

Точка 5

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за работниот ред и дисциплинската и материјалната одговорност на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се одложи за првото продолжение на 10-та седница.

Точка 6

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Билјана П. Парлеева, ја образложи Предлог-одлуката за внатрешно хортикултурно уредување на Агенцијата.

Г-дин Трајчев, праша дали формално правно Советот гласа за одобрување на средствата по наведената јавна набавка, додека во однос на изборот, не гласа за носење одлука за конкретна понуда?

Г-дин Петрушевски, објасни дека Советот само дава одобрување на директорот, додека понатаму Стручната служба и комисијата самостојно си одлучува. Инаку, во другите институции ова е дадено како дискреционо право, без одлуки на раководниот орган, бидејќи Законот дозволува набавка до 500 евра. Потенцира дека ова претставува внимателен пристап во работата на Агенцијата, со што се зголемува нејзината транспарентност.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1159/1 од 26.02.2016 година и едногласно, со седум гласа „за", даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за внатрешно хортикултурно уредување, во износ кој нема да надмине 500 евра без вклучен ДДВ.

За потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за внатрешно хортикултурно уредување на деловниот простор Палата „Панко Брашнаров", се одобрија финансиски средства (во износ од 29.915,00 денари без пресметан ДДВ и износ на ДДВ кој се пресметува посебно и изнесува 5.385,00 денари – вкупна цена со вклучен ДДВ изнесува 35.300,00 денари), според доставената и избрана понуда, бр.05-1119/1 од 25.02.2016 година, од страна на „GREEN PLANET" ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, како најсоодветна за Агенцијата.

За реализирање на горенаведената услуга, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година.

Точка 7

Разно.

Немаше точки под Разно.

Бр. 02-1148/16
07-03 **2016 година**
С к о п ј е

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ